# Цисти на дојките

## Информации за жените со дијагноза циста на дојките

the women's
the royal women's hospital
victoria australia

Вашиот лекар утврдил дека имате циста на дојката.

Цистите се израслини исполнети со течност, слично на плускавци, во ткивото на дојката. Повеќето цисти се развиваат брзо и потоа остануваат во таа големина. Во мал број случаи тие се намалуваат или продолжуваат да растат. Цистите се премногу мали за да ги осетите. Меѓутоа, на ултразвук тие се покажуваат во тркалезна чиста форма со изразен облик. Поголемите цисти може да се почувствуваат во ткивото на дојката. Тие може да бидат цврсти или меки. Во поголем број случаи жените имаат повеќе од една циста во исто време.

Цистите не се штетни ниту пак опасни, меѓутоа понекогаш се непријатни или болни. Често пати жените чувствуваат дека цистите се осетливи или зголемени во деновите пред менструацијата. Нивното притискање може да ги направи осетливи.

Истражувачите не знаат што ги предизвикува цистите. Заеме дека често се јавуваат и тоа кај жени од сите возрасти. Цистите особено се чести кај жените на возраст од 45 до 50 години. Тие често се јавуваат со менструацијата, кога забрзано се менуваат хормоните кај жената, а се губат кога завршува менструацијата. Жените кои примаат терапија со замена на хормони (Hormone Replacement Therapy (HRT)) често пати добиваат цисти.

### Цистите и ракот

За многу жени најголемата нивна грижа со цистите е да не се или да не доведат до рак на дојките.

**Цистите не се рак.**

Тие не се поголем ризик од настанување рак од било кој друг дел од дојките.

Не постојат докази дека цистите предизвикуваат рак.

Имањето рак во истиот дел каде што е цистата е чиста случајност.

## Дијагностицирање и лекување на цистите

Физичкото испитување и ултразвукот обично пружаат доволно информации на лекарот да воспостави дијагноза за циста.

Ако цистата е доволно голема да се почувствува, лекарот обично ќе препорача да се исцеди со користење на игла. Иако цистите не се опасни, со исцедувањето се отстранува израслината и помага жената да не се грижи. Лекарите обично не ги исцедуваат цистите кои се гледаат на ултразвук, а не можат да се почувствуваат.

За исцедување на цистите лекарите обично користат игла со која ја извлекуваат течноста. Оваа постапка е наречена постапка со мала игла (Fine Needle Aspiration (FNA)). Иглата која се користи е потенка од онаа за вадење крв. Постапката FNA може да биде неудобна, но обично е безболна. Жени кои почувствувале болка велат дека таа брзо мине.

Течноста во цистата може да биде проѕирна или во боја (на пример жолта, зелена, портокалова или црна). Оваа течност е нормална и нема потреба да се испраќа на испитување.

Цистите може да се третираат веднаш во клиниката. Тоа обично трае само неколку минути. Може да треба да дојдете повторно за проверка по неколку месеци.

# Што се случува потоа?

Исцедената циста се собира и губи. Обично нема потреба од понатамошна постапка.

Кај многу жени цистите повторно се појавуваат. Тоа може да бидат цисти кои повторно се наполниле со течност или пак нови цисти. Цистите кои се повторуваат не се опасни. Тие се третираат на ист начин како и првите.

Ако имате циста која била исушена и истата се наполни за 24 часа, треба да појдете повторно на преглед.

**Цистите не се ризични за предизвикување рак на дојките**. Следете ги упатствата за снимање за рак на дојките за жените на ваша возраст и семејната историја на болеста.

Секоја жена треба да биде свесна за било која промена на дојките која не е нормална за неа. Ако забележите било каква промена на дојките која е различна од нормалните хормонски промени, треба да се проверите кај вашиот општ лекар.

## чувства

За повеќето жени, необична промена во дојките е вознемирувачка. Тоа може да предизвика многу различни чувства и грижи. Се разбира, тоа е стравот од рак на дојките. Често пати и тестирањето е непријатно.

Жените обично се чувствуваат смирени кога знаат дека промената во дојките е резултат на честа појава која не е штетна и опасна. Понекогаш, меѓутоа, жените не престануваат да се грижат да не добијат рак. Кај некои пак промените на дојките влијаат на тоа како тие се чувствуваат, за нивата сексуалност и односи.

Ако промените во дојките предизвикуваат негативи последици на вашиот живот, може да помогне ако ги поделите чувствата со членовите на семејството или пријателите. Можете да побарате и информации и совети од вашиот општ лекар или од медицинска сестра за жени (Women's Health Nurse) во локалниот центар. Исто така, можете да зборувате и со специјалист или медицинска сестра за дојки (Breast Care Nurse) во клиника за дојки (Breast Clinic) ако сметате дека тоа ќе ви помогне да се смирите.

.

### ВИЕ И ВАШИОТ ОПШТ ЛЕКАР

**Ако неодамна сте биле кај специјалист во клиниката за дојки (Breast Clinic), би требало да појдете и кај вашиот општ лекар. Така, ќе бидете сигурни дека сте ги разбрале сите детали, тестови или дијагнози кои ви ги дал специјалистот.**

**Тоа е добра можност и да разговарате како размислувате и како се чувствувате во врска со промените на дојките и дијагнозата.**

**Вашиот општ лекар ќе ви помогне и ако сакате второ мислење во врска со промените на дојките.**

**Ако немате ваш општ лекар, прашајте ги пријателите, семејството или во локалниот здравствен центар да ви препорачаат некој.**

**Добро е да се има свој општ лекар кого ќе го знаете и ќе му верувате.**

*Оваа брошура е напишана за жените кои биле на преглед кај специјалист за дојки. Не е наменета како замена за совет на квалификуван лекар.*

DISCLAIMER The Royal Women's Hospital does not accept any liability to any person for the information or advice (or use of such information or advice) which is provided in this fact sheet or incorporated into it by reference. We provide this information on the understanding that all persons accessing it take responsibility for assessing its relevance and accuracy. Women are encouraged to discuss their health needs with a health practitioner. If you have concerns about your health, you should seek advice from your health care provider or if you require urgent care you should go to the nearest hospital Emergency Department. © The Royal Women's Hospital, November 2003. Reviewed December 2012